**УДК: 101.1(05)**

# ПОГЛЕД КОН ФИЛОЗОФСКИТЕ ТЕКСТОВИ ОД *ГОДИШНИОТ ЗБОРНИК НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ*

**Марија Тодоровска**

(**Abstract**)

The paper offers a brief overview of the philosophical texts published in the *Annuary of the Faculty of Philosophy* since its inception, trying to establish whether a Macedonian philosophical school of thought, or a specific consistent line of inquiry could be acknowledged. While the overview of these philosophical papers can provide some insight into the fluctuations and progress of the (ongoing) philosophical research, and can potentially illuminate the directions which the Macedonian intellectual and cultural tradition has undertaken in the past seventy years, the versatile nature of the topics covered in the texts, and the limited nature of this sample, excluding all other publications, prevents any certitude about a clear and evident Macedonian philosophical school. The paper offers a glance at some of the main features, topics, thematic units, and points made in the articles, grouped mainly by the discipline to which they belong or the concepts which they explore.

**Keywords:** philosophical, paper, Annuary, discipline, Macedonian

## Поглед кон погледот или проблемот на пристапот

Овој текст уште од почетокот беше осуден на потфрлање; уште од иницијалната замисла настрада поради својата – или, ако се избегне оваа неправедна персонификација – поради неоснованата и некритична амбициозност на авторот. Идејата за учеството на овој симпозиум (а со тоа и насловот на излагањето) беше да се направи приказ на филозофските текстови од *Годишниот зборник на Филозофскиот факултет*. Во *Годишниот зборник* се објавуваат скорешните

истражувања како уводи или како резимеа на доминантната истражувачка проблематика обработувана од страна на наставниците вработени на Филозофскиот факултет. Претпоставката беше дека научните трудови, објавувани во *Годишниот зборник*, би можеле да помогнат во определувањето на насоката на филозофијата во рамките на македонската интелектуална и културна мисла, односно да помогнат во расветлувањето на прашањето за постоењето и развивањето на македонска филозофска школа или филозофска линија.

Интелектуално чесен и доследен приказ на статиите би подразбирал темелно разгледување на секоја од нив, за потоа да се групираат заклучоци за одредени филозофски „блокови“, а потоа да се направи обид за издржани генерални заклучоци. Затоа дел од насловот во овој случај е променет, во мошне помалку самобендисаниот, но пореалистичен, „поглед кон“, а не „приказ на“ текстовите од *Зборникот*.

Имајќи ја предвид преобилноста и многуопфатноста на материјалот, секаков обид за сместување на научните текстови во некакви заеднички рамки, без да се гледа пошироката слика и заедничката заднина, што во ваква пригода не може да се постигне, ќе резултира со незаслужени осакатувања. Поради разнородноста на обработуваните теми од различните филозофски дисциплини, тешко дека може да се утврди конзистентно учење, во смисла на школа, или да се забележи силен фокус на одредена дисциплина. Добрата страна е што разнородноста нуди разновидност, па наместо да има фокус на мал број теми, се покажуваат широките и многуслоевити филозофски дофати на различни истражувачки подрачја. Во инстанциите во кои има континуирана обработка на теми од некаква одредена дисциплина или супдисциплина, се работи за еден автор со конзистентно работење и објавување на темата низ многу години, но нема група на теми или прашања за кои може да се идентификува синергија или соработка меѓу два или повеќе автори. Во оваа смисла, не може да се идентификува теориско инклинирање или некаков (плански) потфат за опфаќање на што е можно повеќе точки од одреден проблем или тема. Ова и не мора да биде очекувано, затоа што, повторно, се работи за зборник на образовна институција, а не зборник од симпозиум, каде што таквата фокусираност на една тема или тематска целина би била нужна.

## Неколку општи впечатоци

Кога би се работело за непознат отсек, односно единица, би можело да се анализира со стерилна неинволвираност и индиферентност во толкувањето. Во овој случај, тоа беше невозможно, поради историската и личносна поврзаност, а со тоа и напливите на незауздана сентименталност, восхит кон (индиректните) и директни учители, и трогнатост од чувството на припадност. Анализирани беа околу сто и дваесет статии, односно од 1950 година до 2021 година, имајќи предвид дека има години без филозофски текстови, а има и години со по неколку[1]. Како општи впечатоци од главните формални карактеристики на текстовите би можеле да бидат следниве.

Дел од текстовите од 50-тите и 60-тите години се на српски и хрватски јазик. Резимеата на статиите во првите децении се доминантно на француски и на германски јазик, и повремено на руски или на англиски јазик. Резимеата од 90-тите години и подоцна се доминантно на англиски и на француски јазик. Првите статии се повеќе есеи отколку она што сега сме навикнати да го сместуваме во рамки на соодветна акрибија, определено како изворен или прегледен научен труд. Должината на првите статии е до 70-ина страници, потоа значително опаѓа (особено кога, се чини, биле воведени критериуми за опсежноста). Првите статии или немаат библиографија, или таа е прилично кратка. Она што е впечатливо е тоа што библиографиите се состојат главно од дела на Маркс, Енгелс, Плеханов и Ленин: и во случаите кога се реферира на автори од претходната историја на филозофијата, нема директни парафрази и цитати, а со тоа и наводи, на филозофите за кои станува збор, туку сето е изведено посредно. Постојат исклучоци, но доминантно се работи за анализа преку Маркс, Енгелс, Плеханов, Ленин и уште по двајца или тројца автори од конкретните дисциплини (од типот на естетика или логика, од локалното или руското интелектуално подрачје), а не за осврнувања на изворните филозофски текстови (или т.н. „примарна литература“) за кои (би требало да) станува збор. Многубројни

[1] Треба да се има предвид и отворањето на *Зборникот* кон меѓународната сцена: во 2016 година станува меѓународно списание на трудови, за од 2017 година трудовите да почнат да се објавуваат двојазично (на македонски и на англиски јазик).

статии се однесуваат директно на Маркс – со теми кои се однесуваат на филозофските погледи на Маркс и Енгелс;[2] духовниот хоризонт на Маркс;[3] Марксовата анализа на производните сили на капиталот и нивните социјални импликации;[4] за етиката во хоризонтот на Марксовата мисла;[5] Марксовиот интерес за античката филозофија;[6] и како метаосврнување на проблемот за Маркс во современоста, испитување на односот на теоријата на Маркс кон самата себе, во рамките на своите постулати, односно прашањето за тоа како бидува расветлувана низ призмата на социјалната стварност која е исто така обликувана под влијание на оваа теорија; Марксовото сфаќање на техниката,[7] и други.

Секако, кон ова треба да се пристапи имајќи го предвид контекстот на интелектуалното работење. Без јасна свесност за општата атмосфера на хегемонија на марксизмот, не може да се сфати филозофијата на периодот, а со тоа и развојот на филозофската мисла на вработените на Филозофскиот факултет по периоди. Кога текстовите

[2] З. Мићић, „Филозофски погледи Маркса и Енгелса. Приступ и студирање развоја њихових филозофских гледишта", 1974, 13–24.
За белешките под текстот да не бидат оптоварени со постојани повторувања на *Годишен зборник на Филозофскиот факултет*, во референците ќе биде вклучувана само годината на издавање. Со оглед на тоа што сите наведени текстови се од *Годишниот зборник на Филозофскиот факултет*, тоа треба да се подразбира при секоја наведена статија.
Како што беше споменато, нема доволно простор, ниту соодветен начин, да бидат анализирани сите статии. Затоа, голем број од статиите не се вклучени во овој осврт. За среќа, со напорите на дигитализација на академските постигнувања на Филозофскиот факултет, сите текстови се достапни во ризницата на периодиката на факултетот: http://periodica.fzf.ukim.edu.mk/godzb/issues.html.

[3] Ј. Јосифовски, „Духовниот хоризонт на Карл Маркс", 1983, 35–48. Изданието на Зборникот од 1983 година било тематско, инкорпорирајќи ги трудовите од одржаниот симпозиум на тема „Маркс и нашата современост" (12–18 март 1983).

[4] Ј. Кепеска, „Марксовата нализа на производните сили на капиталот и нивните социјални импликации", 1979–1980, 323–340.

[5] К. Темков, „Етиката во хоризонтот на Марксовата мисла и комунизмот", 1983, 307–312.

[6] В. Георгиева, „Интересот на Карл Маркс за античката филозофија", 1983, 321–332. Види го и осврнувањето на византиската филозофија кај Б. Панов, „Марксизмот и современата византологија", 1983, 333–344.

[7] К. Костов, „Марксовото сфаќање на техниката", 1956, 119–134.

би се анализирале без свесност за контекстот, тој сепак би можел да биде замислен, познаен, реконстуриран, поради очигледната надвиснувачка ограниченост во пристапот кон проблемите. По читање на неколку статии, и без промена во околностите, би можело делумно да се антиципира каква е следната статија: би можеле да се предвидат неколкуте користени дела и делата на кои се реферира, формулациите што се употребуваат и неопходните заклучоци, односно неопходните додатоци во заклучоците, за да биде неизбежно вклучена Марксовата и/или марксистичката теорија на темата (која и да е таа). Токму затоа фасцинираат филозофскиот увид и интелектуалното остварување на авторите, ограничени и во материјалот на кој се осврнуваат, и во можностите на licentia philosophica.

Распределбата по дисциплини е невоедначена, но флуктуира со вклучувањето на нови автори, што е совршено очекувано. Иако не може да се издвои линија, покрај доминантната марксистичка во првите децении од постоењето на *Зборникот* (како на пример, феноменолошка, иако би се очекувало феноменолошката инклинација на Институтот да биде изразена и во статиите од *Зборникот*), сепак може да се издвојат најчесто застапувани теми, односно извесни концептуални претпочитања. Во таа смисла, уште од многу рано се забележува навестување на потребата за интрафилозофска интердисцплинарност, затоа што темите можат да припаднат на неколку дисциплини на филозофијата, и ги користат методолошките придобивки на различните страни, како и извесна свесност за потребата на поврзување на филозофијата со другите науки, како психијатријата[8] и невронауката.

## Поглед кон темите и поентите

Како што беше споменато, достоен пристап кон ова наше филозофско богатство би бил збир на темелни критички прикази на сите текстови, но во скратен формат би можело да се обрне внимание на неколку главни точки, односно прелиминарни збирни (нетемелни) заклучоци или интересни места. Или, кога веќе не може да се направи приказ на статиите од *Зборникот*, може да се пристапи небаре се

[8] З. Мићић, „Контакти између савремене филозофије и психијатрије", 1966, 15–30.

работи за промоција на некакво дело (односно множество дела), и да се спомене што може читателот да очекува, односно што *Зборникот* може да му понуди.

Разгледано е слободното дело на човекот како суштина на вистината, како преглед на природата на филозофијата, која е на дело, во суштината на стварноста. Човекот преку својата суштина, лице в лице, ги открива бескрајните слоеви на промена на самата стварност, на битието. Тука се поставува тезата на филозофијата како causa sui: таа самата се придвижува, трепери, преминува, се продлабочува, нурнувајќи во своите сè подлабоки и подлабоки слоеви. Филозофија која не живее, која со своите материјални корења не навлегува во историското време на стварноста, во она во кое човекот е при самиот себе, е осудена на криза на очајување, исфрлена од својот елемент, од суштината. Суштината на филозофијата е филозофија на суштината на стварноста – доколку е на дело[9]. Задоволувањето на принципот на смисловитоста е највисокиот услов на одржливоста на филозофијата. Таа се однесува на стварноста и ја спознава стварноста – а стварноста бидува ограничена во рамките на досегот на смислата[10].

Големите откритија на науките го определуваат правецот на научното дејствување – во таа смисла, откритијата на Маркс и Енгелс помагаат во давање на нова насока – должноста на науката во нејзината еволутивна епоха се состои во тоа да открие и да покаже како универзалните закони се појавуваат во партикуларните манифестации на мислата, и особено на историјата[11]. Истакнувањето на целината во марксистичкото гледиште на единството и сеопшатата поврзаност на појавите во светот, единството на светот во неговата материјалност, го определуваат и идејно–теориското единство на научното познание. На логичко–марксистички план ова е темелно разгледано во текстот за односот на спротивноста и противречноста[12].

Човекот ја менува и присвојува природата преку својот труд – и преку овој Марксов став треба да се разбира односот кон природата,

[9] A. Šarčević, „Slobodno djelo čovjeka kao bit istine u filozofiji", 1966, 67–123.

[10] P. Vuk–Pavlović, „Filosofije i svjetovi", 1962, 5–28.

[11] Ж. Радовић, „О научном открићу", 1951, 1–24.

[12] B. V. Šešić, „O odnosima suprotnosti i protivrečnosti", 1953, 187–236.

особено за разбирање на односот и очовечувањето на односите меѓу луѓето. Теориското единство на науките се заснова и произлегува од самото единство на постоечкото (материјалноста на светот)[13].

Што се однесува до историјата на филозофијата како наука, насоките на марксистичкиот пристап го подразбираат прифаќањето на постоење на тензии меѓу онтолошките и гносеолошките правци, но и ја нагласуваат потребата за разликување на конструктивни конфликти кои дале поттик на развојот на филозофското мислење и новите познанија, од штетни дискусии – овде се, секако, вброени сите дискусии од средниот век, и, на пример, проблемот на супстанциите кај Декарт[14]. Ваквата рестриктивност се чини несоодветна – од друга страна, мора да се нагласи дека не е лесно едноставно да се следи релативно самостојната дијалектика во развојот на филозофијата, која е неоделива од дијалектиката на стварното случување (сепак, некои нешта се вредни, некои бидуваат идентификувани како контрапродуктивни).

Прави впечаток критиката на Плехановата теорија за потеклото на уметноста во врска со неговиот заклучок, според кој на животните им е својствено чувството за убавото, што, иако применливо на неразвиени заедници може да важи, не смее да се универзализира. Животните не се способни за естетички релевантна игра – затоа тука се критикувани биологистичките сфаќања на Дарвин, Плеханов и други – да се тврди дека животните изведуваат дејства еднакви на човечките, значи да се одречат историско-материјалистичките методи без познавање на конкретната дијалектика[15]. Уметничкото творештво е суштински условено од материјалната пракса, односно, следејќи ги Маркс и Енгелс, создавањето според законите на убавината е врзано со, односно условено од, свесното општествено производство – затоа уметноста е ослободување од физиолошката ограниченост на производството, и слободна, свесно творење како резултат на таквото ослободување, како и активност со чија помош доаѓа до генеза на свеста (раката и творештвото ја даваат, потем, и уметноста).

[13] З. Мићић, „Идејно теоријско јединство наука и филозофија“, 1962, 29–52.

[14] З. Мићић, „Историја филозофије како наука“, 1955, 59–84.

[15] Б. В. Шешић, „Основни ставови марксистичког учења о пореклу и развоју уметности , 1950, 1–35.

Естетското доживување е независно од грубата физичка неопходност, затоа што ниту поттикнува ниту му служи на задоволувањето физички (поскоро, физиолошки) нужди. Естетското е доживување на животно значаен предмет, суштество или појава, не во непосредната потреба и употреба, туку во сетилната, познавателно-емоционална рефлексија; предизвикува радост; потекнува од потребата за сестрано и продлабочено доживување и очовечување на светот – односно се работи за усвојување на светот од човекот[16].

Од областа на естетиката е и плуриперспективното истражување на суштинската поврзаност и интермедијалниот однос меѓу сликарството и поезијата, преку категоријата „екфрасис", низ анализа на мотивот на Икар во сликата „Пејзаж со падот на Икар" од Бројгл, и песната „Музеј на убавите уметности" од В. Х. Одн, во обид да се расветли еден важен естетички аспект на односот меѓу различните уметности[17].

Образованоста почива на и се гради врз знаењето, кое ја исполнува културната свест – не е само во врска со градењето на поединечната личност и остварувањето на нејзината вредносна полнотија, туку се работи за обликување и градење на колективната свест, затоа што личноста не може да се замисли надвор од колективниот или отаде заедништвото на некакво мнозинство[18]. Вредностите се целисходни и смислоносни, а нивното остварување никогаш не е завршено во дијалектички развивачката стварност[19]. Во *Зборникот* се објавени и значајни историски истражувања на развојот на аксиологијата – преку неокантовците и феноменолошката школа[20].

Значајни се историските прегледи на теоријата на познанието и формалната логика кај Србите во XIX век, кај Југословените од XIX век до Втората светска војна, со посебен оддел за овие дисциплини кај Србите од почетокот на XX век до Втората светска војна; кај Хрватите

[16] Б. В. Шешиќ, ibid; B. V. Šešić , „Umetničko stvaralaštvo i umetničko delo", 1952, 1-64.

[17] И. Цепароски, „Песната е како слика: Икар, Бројгел, Одн", 2006, 1-14.

[18] P. Vuk-Pavlović, „Kulturna svijest, znanje i obrazovanost", 1960, 151-166.

[19] P. Vuk-Pavlović, „Vrednota u svijetu", 1962, 91-102.

[20] К. Јовановски, „Аксиологијата на Николај Хартман", 1999, 15-27; К. Јовановски, „Аксиологијата на Вилхелм Винделбанд", 2000, 1-16; К. Јовановски, „Аксиологијата на Хајнрих Рикерт", 2002, 1-14.

од XIX век до Втората светска војна и кај Словенците во овој период[21]. Некои од обработените теми од полето на логиката се следниве: преглед на главните моменти во развојот на логиката;[22] системите на некласичните логики низ анализа на логичката вистина и логичкото следство;[23] концептуалните и формалните основи на т.н. „релевантна логика", како еден од најзначајните системи на современите некласични логики, кој е, исто така, и еден од најоспоруваните[24].

Низ децениите инаугурирани се истражувањата во областите што претходно биле игнорирани – како „нерешливите" во средновековната логика;[25] можностите за примена на логичките конструкции во анализата на природните јазици (врз примерот на македонскиот);[26] или сврзниците во македонскиот јазик од аспект на логичка анализа и други промислувања на филозофијата на јазикот[27]. Нагласена е важноста на сврзниците во природните јазици за логиката, поради нивната врска со логичките константи, и овозможувањето за формулирање на логички закони, како и за генерализацијата на човековото познание. Направен е обид да се покаже кои сврзници, и во кои од нивните значења, можат да бидат изразени со помош на логичката

[21] Ј. Јосифовски, „Теоријата на познанието и формалната логика кај Југословените од XIX век до II световна војна", 1967, 11–62; Ј. Јосифовски, „Теоријата на познанието и формалната логика кај Србите од почетокот на XX век до почетокот на II световна војна", 1968, 49–112; Ј. Јосифовски, „Теоријата на познанието и формалната логика кај Хрватите од XIX век до II светска војна", 1969, 7–48; Ј. Јосифовски, „Теоријата на познанието и формалната логика кај Хрватите и Словенците од XIX век до Втората светска војна", 1970, 77–118.

[22] Ж. Радовић, „Поглед на главне моменте у развитку логике", 1952, 1–27.

[23] А. Димишковска, „Логичката вистина, логичкото следство и некласичните логики", 2009, 1–18.

[24] А. Димишковска, „Основите на релевантната логика", 2011, 1–20.

[25] Формулирањето, решавањето на парадоксите, нивните појавувања низ историјата на логиката и пристапите кон нив, во В. Панзова, „'Нерешливите' во средновековната логика", 1985, 135–156.

[26] За логичките и математички конструкции во анализата на природните јазици и модификациите нужни за третирање на синтактичките односи на изразите во македонскиот јазик, кај В. Панзова, „Можностите за примена на логичките конструкции во анализата на природните јазици (врз примерот на македонскиот јазик)", 1988–1989, 288–311.

[27] В. Панзова, „Контроверзите на една нова интеграција", 1998, 1–10.

апаратура, и преглед на логичките и математички конструкции во анализата на природните јазици и модификациите нужни за третирање на синтактичките односи на изразите во македонскиот јазик[28].

Во комбинација на онтолошко-логички теми, истражено е Кантовото побивање на предицирањето на постоењето, постоењето како својство од втор ред во толкувањето на Фреге, и логичкиот израз на постоењето кај Расел[29]. Разгледани се прашањата за односот на современата логика и онтолошкиот проблем; за онтолошките сфаќања и логичката теорија преку ставовите на Фреге и Расел; и разгледување на прашањето за тоа што би било решавачко за нашето определување за една онтологија[30]. Комплексниот и широкоопфатно употребуван и толкуван поим „ствар по себе“ е разгледан во неколку филозофски правци[31]. Нема студент на Институтот кој не го знае делото за дефиницијата на Илиевски – во статијата од *Зборникот* тој ги наведува основните проблеми во врска со систематизацијата на дефинициите. Тој се обидува да покаже дека колку и да се чинело дека логичарите разликувале многу видови дефиниции, поаѓајќи од различни принципи на делбата, всушност тоа не е случај: бројот на принципите на делбата и на видовите дефиниции и не е толку голем колку што отпрвин се чини. Затоа, целта му е да ги анализира принципите на делбата на дефинициите, нивните видови според предметот на дефинирањето и нивниот меѓусебен однос[32].

Од засебни стожерни автори од историјата на филозофијата (релативно) често е застапен Платон. Така, разгледани се основите на неговата гносеологија, со подвлекување на Платоновото тврдење дека само на душата ѝ доликува вистината. Покажано е како врската меѓу душата и вистината е предметот на Платоновата гносеологија, која не

[28] В. Панзова, „Сврзниците во македонскиот јазик од аспектот на една логичка анлиза“, 1994, 7–14.

[29] М. Ѓошевски, „Прашањето за логичниот статус на изразот 'постои'“, 1994, 21–29.

[30] М. Ѓошевски, „Логиката и светот – некои онтолошки импликации на логичките теории“, 1992, 5–21.

[31] Ф. Мухиќ, „Онтолошки, гносеолошки и аксиолошки аспекти на поимот 'ствар по себе' во некои филозофски правци“, 1974, 5–38.

[32] М. Илиевски, „Видови дефиниции според предметот на дефинирањето“, 1986, 13–27.

е систематски изложена, или наполно разработена во некој од дијалозите. Сепак, логичките претпоставки на Платоновата гносеологија и епистемологија се наоѓаат во неговата метафизика. Во текстот се разгледува душата како носител на познанието, и процесот на познанието (мислењето, размислувањето, сетилното познание и насетувањето)[33]. Покажано е и значењето на идејата за вклучувањето на посредните извори од платонистичките сведоштва во широкопфатен пристап на интерпретација на Платоновата филозофија. На тој начин, би се користеле доксографските записи, автентичните книжевни дела на Платон, и сведоштвата од ненапишаното учење би можеле да се претставатво историско–критичка целина, во целина која се сметала за Testimonia Platonica[34]. Опусот на Платон има најразлични толкувања, до тој степен што, имајќи ја предвид историјата на парадигмите на толкување, би можело да се говори за постоење на (или формирање на) супдисциплина која се однесува токму на пристапите кон Платоновиот корпус. Така, разгледани се можностите да се определат парадигми како „романтичарската“ на Шлаермахер, развојната, „езотеричната“ на Кремер и Штраус, аналитичката, драмската и други. Во овој текст се покренува прашањето околу пристапот на современите толкувачи и прашањето дали не треба да бидат свртени кон изворниот Платон и насочени повеќе кон откривање на вистината, отколку на значењето на Платоновата филозофија[35]. Прикажана е можноста за нови насоки на читање на филозофските текстови низ феминистичката историја на филозофијата преку случајот на Платон, без да се занемари прашањето околу тоа дали феминистичката интерпретација не запаѓа во замките кои се обидува да ги надмине, имено, канонизирајќи нови интерпретативни (феминистички) принципи[36].

[33] В. Георгиева, „Пролегомена за Платоновата гносеологија“, 1998, 25–31.

[34] В. Георгиева, „Testimonia Platonica“, 2005, 1–14.

[35] Ј. Наумоска, „Неколку парадигми во толкувањето на Платоновата филозофија“, 2011, 21–34.

[36] Ј. Наумоска , „Феминистичко неканонско препрочитување на Платоновата филозофија“, 2013, 9–21. За тензиите меѓу политичките намери на феминизмот, пак, и потребите за конституирање на феминистичка епистемологија, низ која би се објаснувале основите на феминистичкото знаење, кај Б. Бадаревски, „Дали феминистичката епистемологија е социјална епистемологија?“, 2012, 288–303.

Разгледани се централното место на зборот, на говорот и на молчењето во исихазмот, како и дијалектиката на исихастичката молитва, со акцент на неразделното единството на теолошката и филозофската традиција на молитвата во исихастичката традиција. Молитвените зборови во исихазмот се опишани како средство за постигнување на „жива присутност", во која верникот доживува наплив на онтолошка нежност и кон (претходно) профаните нешта. Идејата е да се нагласи дека молитвениот говор и молк помагаат да се излезе од бесмисленоста на секојдневното временско постоење и во допирот со вечноста да се соединат сетилното и духовното, смртното и бесмртното[37].

Во изложување на антихуманизмот на Кантовата чиста моралност, Кантовата етика е определена како антихуманистичка, а неговата критика на религијата како типично буржоаска. Истакнувањето на важноста на човекот подразбира отфрлање на секоја етика која, издигнувајќи го чистиот морален закон до врвна суштина, бара и оправдува потчинување на човекот пред законитоста на реакционерниот општествен поредок, оправдување на секаква експлоатација и нечовечност. Она што е за човекот највозвишено е самиот човек. Ако се рушат сите услови кои го претвораат во понизно, ропско и подло суштество, значи дека треба да се надмине и ова Кантовото наполно апстрахирање на човекот од човечноста[38].

Во *Зборникот* изобилуваат, особено во последните години, текстови од областа на етиката. Моралните дилеми и контроверзиите произлезени од напредокот на технологијата, со акцент на генетското инженерство, се разгледани низ проблемите што би можеле да бидат загрижувачки за идните генерации, особено со можностите за клонирање на животот и последиците од таквите потфати кои, иако техничко–технолошки изводливи, се морално длабоко проблематични и многустрани[39].

---

[37] В. Георгиева, „Зборот и молчењето во Исихазмот", 1994, 15–21.

[38] Б. В. Шешић, „Антихуманизам Кантове етике чисте моралности", 1950, 1–16.

[39] С. Симоновска, „Етичките димензии на генетскиот инженеринг", 2006, 669–678. За технологијата, но од аспект на предизвикувањето на пресврти во развојот на индустриските општества и воведувањето нова ера – таа на симулации и симулакруми низ стојалиштето на Бодријар, и обидите да се расветлат насоките во кои ќе се одговара на прашањата што се јавуваат во врска со современото

Релацијата меѓу афектите и разумот, како тема која има клучна улога во етичките дискусии, е разгледана низ стоичката филозофија, во која таквата врска има специфична природа, затоа што главните идеи се непостоењето на симултани рационални и ирационални моќи и определувањето на афектите како грешка на рационалната моќ. Разумот како единствен и нужен капацитет за практикувањето на доблестите е истакнат во стоичкото стремење кон животот во согласност со природата како стоички етички императив. Во мошне современ и актуелно корисен додаток на овие ставови, разгледана е терапевтската улога на стоичката етика, преку рационалното надминување на афектите и можноста за примена во современ контекст[40].

Во многу потребно навраќање на нашата изворна етичка традиција, разгледани се: Светиклиментовата етика, низ дванаесет тези, со акцент на македонскиот етички императив;[41] етиката на св. Наум низ инстанциите на неговото чудотворство и важноста на народниот дух, како етика на практично дејствување и духовно обликување на просторот и луѓето, односно етика на народниот дух како квалификатив на резултатот на Светинаумовото дејствување;[42] и важноста на делото на св. Кирил и Методиј, како јазичка иновација, културна придобивка и етичко-морален завет[43].

живеење, кај С. Симоновска, „Во светот на симулација и симулакруми“, 2007, 683–692; а за перцепцијата на технологијата и за крајностите во пристапот кон неа, кај В. Давчев, „Животот помеѓу технофобијата и апсурдот: ќе станам ли технофоб?“, 2007, 671–682. За осврт кон современиот проблем на глобализацијата, но низ Хегеловите дијалектички поими на посебност, единечност и општост, како и филозофските и практичните косеквенци во современието, Д. Скаловски, „Хегел и глобализацијата“, 2009, 615–622.
Како Платон, и Хегел е од оние ретки автори на кои им се посветени по неколку текстови. Така, покрај веќе споменатиот Б. Шешиќ, 1953; види и Ј. Јосифовски, „Филозофијата на историјата на Хегел“, 1962, 167–222.

[40] Ј. Поповска, „Афектите и разумот: современи аспекти на терапевтската улога на стоичката етика“, 2017, 33–52.

[41] Д. Донев, „12 тези за разбирање на Светиклиментовата етика“, 2018, 35–43.

[42] Д. Донев, „Размисла за етиката на Светинаумовото чудотворство и на народниот дух“, 2020, 13–21.

[43] Д.  Донев, „Местото и улогата на св. Кирил и св. Методиј во словенското разбирање и прифаќање на христијанските етички вредности“, 2019, 13–20. Покрај овие етички теми, исто така е разгледан концептот *phronesis*, прво низ

Од полето на филозофијата на религијата, обработени се проблемите на онтолошкиот аргумент на Анселм Кентербериски;[44] улогата на сликарот во аргументацијата на Анселм;[45] извесноста на божјата егзистенција и сличноста на Декартовата аргументација со ставовите за нужното постоење на Бог изведени од незамисливоста на непостоењето на вистината кај Августин;[46] односот на разумот и верата кај Кјеркегор;[47] концептите за светото како основа на религиозното верување низ главните теории од дисциплината;[48] аспектите од истражувањето на поимот Бог, како и негативната теологија на авторите од платонистичката традиција,[49] и други.

Аристотеловото учење и можностите за етичко образование и воспитание како процес на постигнување на доблесност преку мислење (Ј. Поповска, „Аристотеловиот концепт φρονησις и етичкото образование и воспитание", 2018, 55–65); како и низ учењето на св. Максим Исповедник, како продолжение на дефинирањето кај Аристотел, но во специфичен средновековен, односно византиски контекст, и карактеристичната теолошка основа (Ј. Поповска, „Vita practica: φρονησις и св. Максим исповедник", 2019, 29–40); и низ концепцијата за партикуларната мудрост кај св. Тома Аквински (Ј. Поповска, „Prudentia и природниот закон: Св. Тома Аквински", 2021, 35–48). Како теми кои не припаѓаат на, но секако се допираат до, или се вкрстуваат со, полето на етиката, би можеле да се вбројат воведните истражувања во концептите за „инкарнираното" зло и основите на религиозните верувања во злото во концепциите за древните демони, и попрецизно, специфичностите (и амбивалентноста) на концептот за демоните во староегипетските верувања (М. Тодоровска, „Краток вовед во некои аспекти на потеклото на 'инкарнирано зло'", 2017, 53–65; М. Тодоровска, „Вовед во античките концепти за демоните: кратка белешка за староегипетските верувања", 2021, 63–80).

[44] Љ. Цуцуловски, „Онтолошкиот доказ на Анселм Кентербериски", 1999, 29–40.

[45] P. Vuk-Pavlović, „Slikar u ontologičkome bogokazu Anselma Kanterberiskog", 1971, 65–80.

[46] Љ. Цуцуловски, „За човековата несовршеност и извесноста на Божјата егзистенција кај Рене Декарт", 1998, 33–44.

[47] Ф. Мухиќ, „Ставот на Киркегор кон верата и разумот – некои дилеми", 1978, 365–380.

[48] М. Тодоровска, „Идејата за светото кај Емил Диркем, Рудолф Ото и Мирча Елијаде", 2012, 1–16; М. Тодоровска, „Определувањето на религијата и дихотомијата свето-профано во теоријата на Емил Диркем", 2013, 22–40; М. Тодоровска, „Статусот и светоста на митот – неколку перспективи", 2014, 7–23; М. Тодоровска, „Светиот простор и светото време во теоријата за религијата на Мирча Елијаде", 2016, 23–43.

[49] М. Тодоровска, „Концептот за Бог кај Алкиној", 2018, 77–89; М. Тодоровска, „Неспознатливоста и неискажливоста на Бог според Јон Скот (Ериугена)", 2019, 53–66; М. Тодоровска, „Учењето за боговите во онтологијата на Нумениј", 2020, 33–46.

Современи и свежи истражувања се понудени во разгледувањето на постоењето на специфичната правна логика[50]. Логичките и епистемолошките аспекти на примената на абдуктивното расудување се илустрирани со ликот на доктор Хаус од истоимената ТВ–серија, и на тој начин е анализирана соодветноста на теориските објаснувања на абдуктивното расудување и неговата практична применливост, како на медицинското поле (во случајов, во полето на медицинската диференцијална дијагностика), така и пошироко[51]. Анализирана е и врската меѓу филозофијата, правото и книжевноста во мотивите од романот *And Then There Were None* од Агата Кристи, преку испреплетување на идеите за правдата, неправедноста, вината, злосторството, казната, неказнивоста и одмаздата, во обид таа да се покаже како поле за дополнително испитување и рафинирање на основните насетувања на принципите на праведноста и импликациите на нивната (не)примена[52].

Опфатени се и голем број теми од филозофијата на духот, како теоријата за свеста на Вилијам Џемс;[53] проблемот на интеракција на духот и телото кај Декарт;[54] прашањето за тоа дали духот и телото, се всушност, исто нешто[55]. Понудена е анализа на неколку современи теории во филозофијата, кои решението на проблемот за односот меѓу духот и телото го наоѓаат во промовирањето на нови, современи пристапи кон овој традиционален филозофски проблем[56]. Покрај тоа, разгледани се спецификите на античките сфаќања на она што сега се смета за еден од тешките проблеми (hard problems). Во модерната

[50] А. Димишковска–Трајаноска, „Логичкиот статус на правното расудување: постои ли специфична 'правна логика'?“, 2007, 1–16.

[51] А. Димишковска, „Во канцеларијата на доктор Хаус: лекции по абдуктивно расудување“, 2018, 11–22.

[52] А. Димишковска, „Мистериозната рака на (не)правдата: тенката линија помеѓу злосторството и казната во романот 'And There Were None' од Агата Кристи“, 2017, 13–32.

[53] В. Давчев, „Радикалниот емпиризам и свеста“, 1995, 367–376.

[54] В. Давчев, „Декарт и проблемот на интеракцијата на духот и телото“, 1996, 497–506.

[55] В. Давчев, „Дали умот и телото се исти нешта?“, 2002, 255–274.

[56] В. Давчев, „Можеме ли да го надминеме дуализмот ‘дух–тело'? (неколку современи филозофски теории)“, 2009, 601–614.

филозофија на умот ставовите на Платон и Аристотел (иако, секако, постои очигледна разлика во пристапот и објаснувањето на душата и телото), предизвикуваат внимание затоа што се добива впечаток дека мошне лесно го надминале проблемот на односот на душата (или умот) и телото, и темелно го вградиле во филозофските системи. Во овој текст се разгледуваат јазичките и концептуалните разлики на античкото грчко разбирање на здравиот разум, можностите за превод со *sensus communis*, и Аристотеловото антиципирање на, односно овозможување на основа за градењето на „мапата поими“, што се користат и денес во обидите за ориентација во полето на проблемот на односот меѓу духот и телото[57].

Скапоценоста на текстовите од оваа неверојатна ризница, иако очекувана, сепак е фасцинантна. Затоа, треба да биде не само зачувана, туку обработувана, истакнувана и инкорпорирана во следни филозофски истражувања. Тешко дека ваквата тема може да биде соодветно разгледана и во десетпати повеќе простор и време за вредна посветеност, па затоа големите очекувања за овој текст остануваат неисполнети во оваа пригода, можеби трпеливо очекувајќи некаква идна шанса за работа (и доработка).

Во време во кое филозофијата сè повеќе се смета за безвредна и бескорисна, затоа што е субверзивна и опасна, или затоа што е „застарена и непотребна за општеството“, извонредно е важно постојаното навраќање на постигнатото, на траечкото, на суштинското, на умното и на мудрото. Во тешки и мрачни времиња на никаква оддишка и растечка опасност на апсолутна егзистенцијална закана, постоењето може да се чини бесмислено. А сепак, постоењето има смисла, токму затоа што е конечно. Филозофијата има смисла, дури и ако светот нема. Филозофијата не може да биде „непотребна за општеството“, небаре е застарен производ за домаќинството или вештина запоставена од памтивек. Филозофијата поставува прашања, отвора хоризонти на мислата, пресвртува парадигми, преиспитува перспективи,

[57] В. Давчев, „За Платоновото и Аристотеловото поимање на душата и телото“, 1999, 467–479. За статусот и идните можности на филозофијата на умот во Македонија, како и клучните концепти на некои од главните правци во современата филозофија на умот и когнитивната наука, кај Б. Бадаревски, „Филозофијата на умот и когнитивната наука како идеја во Македонија“, 2016, 355–372.

комбинира гледишта, формира и расформира и реформира ставови; филозофијата поставува прашања чии одговори отвораат нови прашања, го преоценува постоечкото, инаку го осветлува минатото и на разновидни начини го антиципира идното. И преку вака површен поглед, и тоа само на текстовите од *Зборникот*, се покажува дека филозофијата кај нас опстојувала и опстојува.

## БИБЛИОГРАФИЈА:


Бадаревски, Б., „Дали феминистичката епистемологија е социјална епистемологија?“, *Годишен зборник на Филозофскиот факултет*, 2012, 288–303.

Бадаревски, Б., „Филозофијата на умот и когнитивната наука како идеја во Македонија“, *Годишен зборник на Филозофскиот факултет*, 2016, 355–372.

Vuk-Pavlović, P., „Kulturna svijest, znanje i obrazovanost“, *Годишен зборник на Филозофскиот факултет*, 1960, 151–166.

Vuk-Pavlović, P., „Vrednota u svijetu“, *Годишен зборник на Филозофскиот факултет*, 1962, 91–102.

Vuk-Pavlović, P., „Filosofije i svjetovi“, *Годишен зборник на Филозофскиот факултет*, 1962, 5–28.

Vuk-Pavlović, P., „Slikar u ontologičkome bogokazu Anselma Kanterberiskog“, *Годишен зборник на Филозофскиот факултет*, 1971, 65–80.

Георгиева, В., „Testimonia Platonica“, *Годишен зборник на Филозофскиот факултет*, 2005, 1–14.

Георгиева, В., „Интересот на Карл Маркс за античката филозофија“, *Годишен зборник на Филозофскиот факултет*, 1983, 321–332.

Георгиева, В., „Зборот и молчењето во Исихазмот“, *Годишен зборник на Филозофскиот факултет*, 1994, 15–21.

Георгиева, В., „Пролегомена за Платоновата гносеологија“, *Годишен зборник на Филозофскиот факултет*, 1998, 25–31.

Давчев, В., „Радикалниот емпиризам и свеста“, *Годишен зборник на Филозофскиот факултет*, 1995, 367–376.

Давчев, В., „Декарт и проблемот на интеракцијата на духот и телото“, *Годишен зборник на Филозофскиот факултет*, 1996, 497–506.

Давчев, В., „За Платоновото и Аристотеловото поимање на душата и телото“, *Годишен зборник на Филозофскиот факултет*, 1999, 467–479.

Давчев, В., „Дали умот и телото се исти нешта?“, *Годишен зборник на Филозофскиот факултет,* 2002, 255–274.

Давчев, В., „ Животот помеѓу технофобијата и апсурдот: ќе станам ли технофоб?“, *Годишен зборник на Филозофскиот факултет*, 2007, 671–682.

Давчев, В., „Можеме ли да го надминеме дуализмот ‘дух-тело’? (неколку современи филозофски теории)“, *Годишен зборник на Филозофскиот факултет*, 2009, 601–614.

Димишковска-Трајаноска, А., „Логичкиот статус на правното расудување: постои ли специфична ’правна логика’?“, *Годишен зборник на Филозофскиот факултет*, 2007, 1–16.

Димишковска, А., „Логичката вистина, логичкото следство и некласичните логики“, *Годишен зборник на Филозофскиот факултет*, 2009, 1–18.

Димишковска, А., „Основите на релевантната логика“, *Годишен зборник на Филозофскиот факултет*, 2011, 1–20.

Димишковска, А., „Мистериозната рака на (не)правдата: тенката линија помеѓу злосторството и казната во романот ’And There Were None’ од Агата Кристи“, *Годишен зборник на Филозофскиот факултет*, 2017, 13–32.

Димишковска, А., „Во канцеларијата на доктор Хаус: лекции по абдуктивно расудување“, *Годишен зборник на Филозофскиот факултет*, 2018, 11–22.

Донев, Д., „12 тези за разбирање на Светиклиментовата етика“, *Годишен зборник на Филозофскиот факултет*, 2018, 35–43.

Донев, Д., „Местото и улогата на св. Кирил и св. Методиј во словенското разбирање и прифаќање на христијанските етички вредности“, *Годишен зборник на Филозофскиот факултет*, 2019, 13–20.

Донев, Д., „Размисла за етиката на Светинаумовото чудотворство и на народниот дух“, *Годишен зборник на Филозофскиот факултет*, 2020, 13-21.

Ѓошевски, М., „Логиката и светот – некои онтолошки импликации на логичките теории“, *Годишен зборник на Филозофскиот факултет*, 1992, 5–21.

Ѓошевски, М., „Прашањето за логичкиот статус на изразот ’постои’“, *Годишен зборник на Филозофскиот факултет*, 1994, 21–29.
Илиевски, М., „Видови дефиниции според предметот на дефинирањето“, *Годишен зборник на Филозофскиот факултет*, 1986, 13–27.
Јовановски, К., „Аксиологијата на Николај Хартман“, *Годишен зборник на Филозофскиот факултет*, 1999, 15–27.
Јовановски, К., „Аксиологијата на Вилхелм Винделбанд“, *Годишен зборник на Филозофскиот факултет*, 2000, 1–16.
Јовановски, К., „Аксиологијата на Хајнрих Рикерт“, *Годишен зборник на Филозофскиот факултет*, 2002, 1–14.
Јосифовски, Ј., „Филозофијата на историјата на Хегел“, *Годишен зборник на Филозофскиот факултет*, 1962, 167–222.
Јосифовски, Ј., „Теоријата на познанието и формалната логика кај Југословените од XIX век до II световна војна“, *Годишен зборник на Филозофскиот факултет*, 1967, 11–62.
Јосифовски, Ј., „Теоријата на познанието и формалната логика кај Србите од почетокот на XX век до почетокот на II световна војна“, *Годишен зборник на Филозофскиот факултет*, 1968, 49-112.
Јосифовски, Ј., „Теоријата на познанието и формалната логика кај Хрватите од XIX век до II светска војна“, *Годишен зборник на Филозофскиот факултет*, 1969, 7–48.
Јосифовски, Ј., „Теоријата на познанието и формалната логика кај Хрватите и Словенците од XIX век до II светска војна“, *Годишен зборник на Филозофскиот факултет*, 1970, 77–118.
Јосифовски, Ј., „Духовниот хоризонт на Карл Маркс“, *Годишен зборник на Филозофскиот факултет*, 1983, 35–48.
Кепеска, Ј., „Марксовата анализа на производните сили на капиталот и нивните социјални импликации“, *Годишен зборник на Филозофскиот факултет*, 1979-1980, 323–340.
Костов, К., „Марксовото сфаќање на техниката“, *Годишен зборник на Филозофскиот факултет*, 1956, 119–134.
Мићић, З., „Историја филозофије како наука“, *Годишен зборник на Филозофскиот факултет*, 1955, 59–84.
Мићић, З., „Идејно теоријско јединство наука и филозофија“, *Годишен зборник на Филозофскиот факултет*, 1962, 29–52.
Мићић, З., „Контакти између савремене филозофије и психијатрије“, *Годишен зборник на Филозофскиот факултет*, 1966, 15–30.

Мићић, З., „Филозофски погледи Маркса и Енгелса. Приступ и студирање развоја њихових филозофских гледишта“, *Годишен зборник на Филозофскиот факултет*, 1974, 13–24.

Мухиќ, Ф., „Онтолошки, гносеолошки и аксиолошки аспекти на поимот ’ствар по себе’ во некои филозофски правци“, *Годишен зборник на Филозофскиот факултет*, 1974, 5-38.

Мухиќ, Ф., „Ставот на Киркегор кон верата и разумот – некои дилеми“, *Годишен зборник на Филозофскиот факултет*, 1978, 365–380.

Наумоска, Ј., „Неколку парадигми во толкувањето на Платоновата филозофија“, *Годишен зборник на Филозофскиот факултет*, 2011, 21–34.

Наумоска, Ј., „Феминистичко неканонско препрочитување на платоновата филозофија“, *Годишен зборник на Филозофскиот факултет*, 2013, 9–21.

Панзова, В., „’Нерешливите’ во средновековната логика“, *Годишен зборник на Филозофскиот факултет*, 1985, 135–156.

Панзова, В., „Можностите за примена на логичките конструкции во анализата на природните јазици (врз примерот на македонскиот јазик)“, *Годишен зборник на Филозофскиот факултет*, 1988–1989, 288–311.

Панзова, В., „Сврзниците во македонскиот јазик од аспектот на една логичка анлиза“, *Годишен зборник на Филозофскиот факултет*, 1994, 7–14.

Панзова, В., „Контроверзите на една нова интеграција“, *Годишен зборник на Филозофскиот факултет*, 1998, 1–10.

Панов, Б., „Марксизмот и современата византологија“, *Годишен зборник на Филозофскиот факултет*, 1983, 333–344.

Поповска, Ј., „Афектите и разумот: современи аспекти на терапевтската улога на стоичката етика“, *Годишен зборник на Филозофскиот факултет*, 2017, 33–52.

Поповска, Ј., „Аристотеловиот концепт φρονησις и етичкото образование и воспитание“, *Годишен зборник на Филозофскиот факултет*, 2018, 55–65.

Поповска, Ј., „Vita practica: φρονησις и св. Максим исповедник“, *Годишен зборник на Филозофскиот факултет*, 2019, 29–40.

Поповска, Ј., „Prudentia и природниот закон: Св. Тома Аквински“, *Годишен зборник на Филозофскиот факултет*, 2021, 35–48.

Радовиќ, Ж., „О научном откриќу“, *Годишен зборник на Филозофскиот факултет*, 1951, 1–24.

Радовиќ, Ж., „Поглед на главне моменте у развитку логике“, *Годишен зборник на Филозофскиот факултет*, 1952, 1–27.

Симоновска, С., „Етичките димензии на генетскиот инженеринг“, *Годишен зборник на Филозофскиот факултет*, 2006, 669–678.

Симоновска, С., „Во светот на симулација и симулакруми“, *Годишен зборник на Филозофскиот факултет*, 2007, 683–692.

Скаловски, Д., „Хегел и глобализацијата“, *Годишен зборник на Филозофскиот факултет*, 2009, 615–622.

Темков, К., „Етиката во хоризонтот на Марксовата мисла и комунизмот“, *Годишен зборник на Филозофскиот факултет,* 1983, 307–312.

Тодоровска, М., „Идејата за светото кај Емил Диркем, Рудолф Ото и Мирча Елијаде“, *Годишен зборник на Филозофскиот факултет,* 2012, 1–16.

Тодоровска, М., „Определувањето на религијата и дихотомијата свето-профано во теоријата на Емил Диркем“, *Годишен зборник на Филозофскиот факултет*, 2013, 22–40.

Тодоровска, М., „Статусот и светоста на митот – неколку перспективи“, *Годишен зборник на Филозофскиот факултет*, 2014, 7–23.

Тодоровска, М., „Светиот простор и светото време во теоријата за религијата на Мирча Елијаде“, *Годишен зборник на Филозофскиот факултет*, 2016, 23–43.

Тодоровска, М., „Краток вовед во некои аспекти на потеклото на 'инкарнирано зло'“, *Годишен зборник на Филозофскиот факултет,* 2017, 53–65.

Тодоровска, М., „Концептот за Бог кај Алкиној“, *Годишен зборник на Филозофскиот факултет*, 2018, 77–89.

Тодоровска, М., „Неспознатливоста и неискажливоста на Бог според Џон Скот (Ериугена)“, *Годишен зборник на Филозофскиот факултет* 2019, 53–66.

Тодоровска, М., „Учењето за боговите во онтологијата на Нумениј“, *Годишен зборник на Филозофскиот факултет*, 2020, 33–46.

Тодоровска, М., „Вовед во античките концепти за демоните: кратка белешка за староегипетските верувања“, *Годишен зборник на Филозофскиот факултет*, 2021, 63–80.

Цуцуловски, Љ., „За човековата несовршеност и извесноста на Божјата егзистенција кај Рене Декарт“, *Годишен зборник на Филозофскиот факултет*, 1998, 33–44.
Цуцуловски, Љ., „Онтолошкиот доказ на Анселм Кентербериски“, *Годишен зборник на Филозофскиот факултет*, 1999, 29–40.
Џепароски, И., „Песната е како слика: Икар, Бројгел, Одн“, *Годишен зборник на Филозофскиот факултет*, 2006, 1–14.
Шешић, Б. В., „Антихуманизам Кантове етике чисте моралности“, *Годишен зборник на Филозофскиот факултет*, 1950, 1–16.
Шешић, Б. В., „Основни ставови марксистичког учења о пореклу и развоју уметности, *Годишен зборник на Филозофскиот факултет*, 1950, 1–35.
Šešić, B. V., „Umetničko stvaralaštvo i umetničko delo“, *Годишен зборник на Филозофскиот факултет*, 1952, 1–64.
Šešić, B. V., „O odnosima suprotnosti i protivrečnosti“, *Годишен зборник на Филозофскиот факултет*, 1953, 187–236.
Šarčević, A., „Slobodno djelo čovjeka kao bit istine u filozofiji“, *Годишен зборник на Филозофскиот факултет*, 1966, 67–123.